# СОВЕТИ ЗА ПОДОБАР
## ХРИСТИЈАНСКИ ЖИВОТ





ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА
ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2024

*Сабота, 6 април 2024*

## БИДЕТЕ ТИВКИ

Доколку очекувате да му дадете длабочина на вашиот духовен живот, неопходна ви е тишината. Во својата книга „Со Семоќниот“ (With the Almighty), Чарлс Свиндол пишува: „Звуците и зборовите, како и оптоварените дневни распореди, ги отапуваат нашите чувства, ги затвораат нашите уши за неговата тишина и нѐ прават мртви за неговиот допир.“

Минатата година нашето семејство помина неколку часа во националниот парк Утах‘с Зион. Воздивнувавме додека ги гледавме величествените карпести формации кои се надвиснуваа над нас. Но, тоа беше тишина помешана со визуелен спектакл, која правеше да го чувствуваме Божјото присуство со длабока стравопочит. По три часа патување, дојдовме во Лас Вегас. Мора да го спомнеме контрастот! Беше лесно да се спореди како Божјиот глас, тенок и тивок, тешко може да се слушне среде вртоглавата бучава, барањето задоволства и стимулација на сетилата на тоа место.

Вие не можете да ги контролирате звуците на светот околу вас, но можете да ја намалите јачината на приемот во вашиот внатрешен простор. Направете во својот живот одаја за тишина. Исклучете го телефонот, угаснете го телевизорот. Изгаснете го радиото или ЦД, и секојдневно поминете некое време во тишина.

Елена Вајт рекла: „Кога ќе стивне секој друг глас, тишината го прави јасен Божјиот глас.“

Нема да ве залажувам. Тоа ќе биде многу тешко. Додека ги пишувам овие зборови, јас сум сам во дневната соба, но машината во соседната соба веќе бучи, а низ ходни-

кот се слушаат звуци од музика што ја обожаваат моите деца. Сепак, мораме да се обидеме затоа што интимноста најдобро се остварува во тишина, каде што е намалена деструкцијата и каде што можеме да го насочиме целото наше внимание кон Бога.

**Зграбете ги „Божјите моменти"**

Слушнав како проповедниците зборуваат дека, кога сте навистина гладни за Бога, ќе можете да го чуете неговиот глас, дури и сред разговор меѓу две лица во автобус! Еве во што е работата: Гледајте го и слушајте го Бога и во најрутинските работи во вашиот ден. Тој е таму. Исто како што учениците ги собрале остатоците од оброкот кој се состоел од риба и леб, ние можеме да собереме фрагменти од времето и да ги употребиме за да се поврземе со Бога. Пејте и молете сѐ додека возите. Додека ги миете забите, учете го напамет библискиот текст што сте го ставиле во својот индекс или на некоја потсетница што сте ја залепиле на огледалото во бањата. Додека го корнете плевелот во својата градина, зборувајте им на своите деца за „плевелот" на гревот. Кога наутро звукот на будилникот ќе го прекине вашиот сон, прошепотете ја својата молитва дека сакате да му се предадете на Бога, пред да се фатите за тушот или повторно да задремете. Радувајте се на средбата со Господа во текот на денот, и ќе останете поврзани со него и покрај презафатеноста.

*Сабота, 13 април 2024*

## ОДРЖУВАЈТЕ БОГОСЛУЖЕНИЕ

Одвојте цел еден ден за богослужение. Така е - цел ден. Можеби ќе помислите дека претерувам што ви го предлагам ова, но тоа не е моја идеја. Туку Божја. Всушност, Тој сметал дека тоа е толку важно што го ставил како дел од неговите заповеди (погледни: 2. Мојсеева 20,8-11). Бог знаел дека, кога би биле препуштени на своите планови, би работеле до самоуништување и во сето тоа би заборавиле на него. Тој исто така знаел дека мора да се одвои време за нешто да порасне и за да се разбуди.

Празнувањето на саботата е восхитувачка и зачудувачка предност, практика која обновува и во која јас уживам секоја седмица. Во петок навечер, на зајдисонце, телевизорот и весниците имаат слободен ден, а моето семејство се собира на молитва и го слави Создателот кој е и наш Откупител. Следните 24 часа ги поминуваме во заедничко богослужение, одмор, имаме време за нас, и одиме во природа каде што го нема тоа лудило кое ни ги иритира нервите и нè бомбардира на секој чекор во останатите денови од седмицата. Во еден таков свет многу е лесно да се стане површен, да се живее и дејствува површно.

Површноста е проклетството на нашето време. Длабочината на христијанското искуство може да биде наша ако го доведеме во ред својот внатрешен свет и ако дејствуваме во согласност со Божјите заповеди.

*Сабота, 20 април 2024*

## ДУХОВНОСТ

Времето во коешто живееме, таканареченото време на технологијата, произведе изненадувачка глад за духовност. Се чини дека колку подлабоко се впуштаме во „cuberspace“ (виртуелниот простор), сѐ повеќе бараме мир во „внатрешниот простор“ на нашата душа. Што значи денес да се биде духовна личност? Христијаните денес често знаат религиозните активности за духовен раст да ги заменат со нешто друго што носи катастрофални последици.

Јас го сакам овој дел бидејќи се занимава, меѓу останатото, и со проблемот на душата - со таа тажна состојба преку која минува секое христијанско искуство во ова време кога читањето на Библијата нѐ остава невдахновени, кога се чини дека молитвите удираат во таван, и сѐ што некогаш ни носело радост сега станало безвредно и безживотно.

**Бидете подуховна личност**

Во ред. Тоа може да дојде порано или подоцна. Идната нова година. Пред вас стои нов чист лист, нов дар од 12 месеци, 52 седмици, 365 дена, 8,760 часови, 31.536,000 секунди. Можеби, ќе се одлучите да се поштедите себеси од чувството на агонија и вина поради донесувањето и кршењето на новогодишните одлуки, и оваа година ќе сакате да обратите повеќе внимание на она што е духовно и да се приближите до Бога.

Прекрасно. Но, знаете ли што? Таа желба што ја имате кон Бога не е ваша идеја, туку негова. Гледајте на тоа како со мобилниот телефон. Вие сте на работа – можеби среде сообраќај или седите на состанок, можеби сте на курс по

компјутери – и одеднаш ќе почувствувате вибрации, ако сте го исклучиле тонот на вашиот мобилен телефон или, пак, гласно ѕвонење ги напаѓа вашите уши. Некој ве бара.

Желбата за подлабока духовност е Божји „сигнал упатен до вас“. Тој сака да ви се приближи. А вие не мора да чекате до јануари и тогаш да одговорите на Божјиот повик. Вашата „нова година“ на духовен раст може да започне токму сега.

*Сабота, 27 април 2024*

## ПРИЗНАЈТЕ ЈА СВОЈАТА ПОТРЕБА

Тоа изгледа како сосема очигледен чекор, но многу луѓе никогаш не одат понатаму од позицијата на желба, затоа што не сакаат да признаат дека имаат потреба.

Повторно прочитајте го Исусовиот укор до црквата во Лаодикеја во книгата Откровение 3,14-18. Лаодикејците не се ниту врели ниту студени. Тие се „млаки“ - поради што предизвикуваат мачнина кај Христа. Но проблемот не се наоѓал во нивната млакост, туку во нивниот став изразен преку поимот „ништо не ми треба“. Читајте го тоа за себе: ***„Зашто велиш: богат сум и се збогатив, и ништо не ми треба, а не знаеш дека си беден и несреќен и сиромав и слеп, и гол.“***

Млакоста не е Божји проблем. Тој може да го запали огнот на првата љубов кај своите чеда – ако тие себеси се гледаат онакви какви што се, и ако ја признаат својата потреба.

Како вие го правите тоа? Обратете се до Бога во молитва и кажете му колку ви е потребен. Дозволете му да ви го покаже она за кое сте духовно слепи и да ви укаже на подрачјата од вашиот живот кои треба да ги ставите под не-

гова контрола. Имајте при рака бележник и молив додека го правите ова, и бидете подготвени да го запишете она што Бог ќе ви го открие. Читајте го тој список и молете се за секоја точка, признавајќи ја вистината за себе и прифаќајќи го Божјото проштавање.

**Сторете нешто**

Овој чекор е директно поврзан со првиот. Признавајќи му на Бога дека ни е потребна помош, давајќи му дозвола да ни укаже на нашите пропусти, ние мораме да сториме нешто! Затоа што имам работа со седење, затоа што сум на крајот од своите триесетти години, затоа што не го користам моето членство во рекреативниот центар, „резервната гума" околу појасот. Во ред, јас можам да признаам дека имам одредена потреба, но резервната гума не се „издиши". Таа не е „издишена" затоа што не отидов во спортската сала и не сторив ништо во врска со неа!

Бил Хибелес, свештеник во познатата црква Вилоу Крик Комјунити, вели:

„Срцето и душата од Христовиот живот учат да го слушаат Божјиот глас и да развиваат храброст да го прават она што Тој ни кажува да го правиме."

Ако имате намера духовно да растете, вие треба да го правите она што Бог ви кажува да го правите.

Почнете со правење план. Набројте ги своите цели. Дали сакате да ја читате Библијата секој ден? Да го учите напамет Светото писмо? Да работите некоја доброволна работа во своето опкружување? Сакате повеќе време за молитва. Запишете ги своите цели. Изнесете го тој список пред Господа. Потоа сторете нешто – со негова помош остварете го тоа до крај.

*Сабота, 4 мај 2024*

## ПРИБЛИЖЕТЕ СЕ КОН ХРИСТА

Исус рекол: „Бидете во Мене, и Јас ќе бидам во вас. Како што прачката не може да роди плод сама од себе, ако не е на лозата, така и вие, ако не бидете во Мене“ (Јован 15, 4). Ако сакате да бидете подуховна личност и послични на Христа, потребно е „да бидете во“ него, и да му се приближите. Потребно е да минувате време со Христа.

Бил Хибелс, пишува: „Секако вклучете ја, клучната состојка на автентичното христијанство - времето. Не време што ви преостанало, не импровизирано време, туку квалитетно време; време на разгледување, размислување и промислување. Време без брзање, без прекинување.“

**Престанете да се смеете и слушајте.** Знам што мислите: Секако, потребно ми е време во кое ќе бидам со Исуса, но постои еден проблем – јас воопшто немам време. Станувам во 5,00 наутро, трчам колку што ме држат нозете, не застанувам до 11 или 12 ноќе. Да се мине време со Исуса звучи поетски и убаво, но во вистинскиот свет - мојот свет – тешко дека некогаш тоа се случува.

Сфатете го следново: времето со Исуса никогаш не се „случува“ туку така. ***Вие морате да го планирате тоа,*** и ***вие морате да се обврзете на тоа*** исто како што сте се обврзале секојдневно да одите на работа. Тоа е толку важно.

**Поставете реални цели.** Почнете со мали цели – можеби по 15 минути издвоени за Бога секој ден. Што ќе правите за тоа време, тоа ќе биде меѓу вас и Бога. Можете да пеете, да читате списание, да уживате во тишината, да се молите, да го читате Светото писмо, итн. ***Но, почнете денес, и ставете го тоа на првото место во вашиот список.***

*Сабота, 11 мај 2024*

## ИМАЈТЕ ДУХОВЕН - ОДГОВОРЕН ПАРТНЕР

Најдете некој што ќе учествува во вашата желба за духовен раст и молете се заедно со тоа лице за заеднички да ги остварите вашите духовни цели. Тоа одговорно лице може да биде вашиот брачен другар, близок пријател или член од семејството. Тука е во прашање повеќекратно јакнење. „Подобро им е на двајца, отколку на еден, бидејќи имаат добра награда за трудот свој. Зашто, ако падне едниот, другиот ќе го крене другарот свој. Но тешко на еден, ако падне, ќе нема друг, кој да го крене" (Проповедник 4,9.10).

Да поедноставиме, потребна ни е помош. Одговорниот партнер ќе се моли за вас и со вас, и, како што предлага насловот, вас ќе ве смета за одговорен во однос на целите што сте ги поставиле. Молете се на Бога да ви ја даде вистинската личност за да влезете со неа во едно такво партнерство. Поканете ја на ручек. За време на ручекот раскажете ѝ за своите намери и поканете ја да биде ваш одговорен партнер. Тоа може да биде највозбудливиот и најважниот чекор во вашиот план за духовен раст.

**Давајте се себе си**

Мртвото Море е буквално „мртво" затоа што водата се влева во него но не истекува. Тоа е „себично" водено тело – само прима, а не дава. Христијаните можат да станат како Мртвото Море ако постојано само земаат: проучување на Библијата, присутност на црковни активности, проповеди, семинари, и т. н., но ретко даваат и се вложуваат во христијанското сведочење или служење на другите.

Ако навистина сакате духовно да растете, барајте начини и молете се за тоа како ќе се давате себеси во служба за

другите. Волонтирајте во блиската месна болница или во прифатилиште за бездомници. Соберете ги лисјата во дворот на соседот. Однесете ручек на некој пријател или поделете ја Божјата реч со вашиот деловен партнер кој не го познава Христа. Организирајте акција за да се исфарба и освежи внатрешната или надворешната дрвенарија на некој инвалид. Нагласокот е следен: **Духовноста е многу повеќе од седење, молење и читање. Најголем напредок имаме кога им служиме и им помагаме на другите**, а на тој начин си помагаме и себеси.

Значи тоа е тоа. Сега, „напредувајте во спознавањето на нашиот Господ и на нашиот Спасител Исус Христос.“

*Сабота, 18 мај 2024*

## ОБНОВЕТЕ ЈА ВАШАТА ДУХОВНА СТРАСТ

Денес напишав љубовна порака на некој друг, а не на мојата сопруга. Сега пред да почнете да ме обвинувате, дозволете ми да ве уверам дека мојата сопруга тоа потполно би го одобрила. Да ви објаснам.

Додека патував, имав два часа одмор на аеродромот во Денвер и решив нешто да каснам пред продолжувањето на летот. Додека јадев сендвич, забележав натпис на дрвената ограда каде што седев: „Мил Рамон, бев овде,“ пишуваше. Кога погледнав подобро, забележав дека има запишано и продолжетоци. И други патници оставиле зад себе кратки потписи за да ги прочитаат луѓето како мене.

Беа напишани спортски слогани и љубовни пораки. Мене најмногу ми се допадна една на која на едната страна го имаше бројот 53, нацртана топка и стап за бејзбол, а на другата страна датум и порака: „Јас го сакам Исуса. Розе-

лин Галиндо." Очигледно е дека Розелин е горд безбол играч кој уште повеќе се гордее со својата љубов кон Исуса. Тој ги запишал своите чувства на мало парче дрво на оградата во ресторан каде што ќе можат да ја прочитаат и други гладни патници – некои кои дури и ќе гладуваат за нешто што ќе ги задоволи многу повеќе од еден Биг Мек.

Потоа на едната страна го напишав моето име, а на другата страна напишав: „И Исус те сака тебе." Тоа беше мојот начин на кој го презедов факелот од Розелин – нашата заедничка љубов кон Христа и неговата љубов кон секого од нас – и да го предадам на некој друг кој е гладен за нешто што е многу поважно од еден сендвич.

Зар љубовта не е нешто величествено?

Пораките меѓу оние кои се сакаат претставуваат израз на љубов. Но, со текот на времето, поради зголемените работни обврски, можеби децата, малку преостанатите пари и финансиските проблеми, понекогаш љубовта во бракот станува здодевна. Сопружниците кои еднаш го запалиле пламенот на меѓусебната љубов со љубовни пораки и со други изрази на верност, почнуваат да се прифаќаат еден со друг како нешто што се подразбира и полека се препуштаат на меѓусебното оддалечување.

Сè што може да се случи во бракот, може да се случи и во заедницата со Бога. Неодамна една пријателка, на моето прашање како е, ми одговори: „1 минус" . Продолжив да ја распрашувам и таа ми рече дека ништо во нејзиниот живот не оди како што треба. „Отидов далеку од Бога, и ги чувствувам последиците на моето оддалечување. Ги мразам оние со кои работам, западнав во навики кои ме уништуваат и очите ми потекоа од плачење. Сакам повторно да се вратам кај Бога".

Не знам во какво расположение ќе ве затече ова што ви го кажав, но ако се чувствувате како страдалник изгубен

во духовна пустина, знајте дека Бог сака да ве одведе на некое поубаво место. Тој сака да ве прегрне со своите раце и да ја обнови вашата душа. Сака да знаете дека Тој е крај вас, и дека може да ја обнови вашата смисла и да ви даде неизмерна радост.

*Сабота, 25 мај 2024*

## ПОВТОРНО ПРАВЕТЕ ГО ОНА ШТО СТЕ ГО ПРАВЕЛЕ НА ПОЧЕТОКОТ

Кога црквата во Ефес ја изгубила својата прва љубов, Исус ја советувал: „Спомни си од каде си паднал и покај се, и врши ги поранешните дела."

**Овој совет е добар и денес.** Вратете се со мислите наназад. Сетете се што правевте кога искуството на спасението со вера сѐ уште беше свежо и ново во вас? Дали имавте мигови на посветување на Бога во раните утрински часови? Дали учествувавте во проучувањето на Библијата во мали групи? Дали редовно наоѓавте начин за својата вера да им зборувате на другите? Големи се шансите да се разнежите додека се сеќавате на таа „прва љубов". Ако сакате повторно да ја почувствувате таа искра во својот христијански живот, правете го она што сте го правеле на почетокот. Поврзете се со цврсто со Бога. И не користете ги вашите бројни обврски како оправдување да не сторите ништо на тоа поле. „Презафатеноста" ќе ве одведе во духовна потиштеност побрзо од што било друго.

**Покајте се**

Земете лист хартија и барајте од Бога да ве потсети на сите соперници кои сега ја крадат вашата наклонетост, ва-

шето време и сила од Господа. Во мојот список би биле вклучени: заморот од пренатрупаните работни часови, гледањето телевизија до доцна навечер, медиумите во мојот мобилен телефон, игрички и, погодувате – го пропуштам проучувањето на Библијата! Во друг список би можеле да бидат вклучени злоупотреба на некои супстанции, тинејџерите дома (и јас би можел да набројам еден таков!), или дури нечија работа. Какви и да се ривалите, набројте ги и потоа признајте му на Бога, молејќи се да ви покаже како да постапите со секој од нив. Не плашете се да се соочите со своите духовни падови и именувајте ги со нивното вистинско име.

*Сабота, 1 јуни 2024*

**СЛАВЕТЕ ГО И ФАЛЕТЕ ГО ГОСПОДА!**

Кога човек изразува славење и пофхвала, тоа е скриено оружје што Бог му го подарил на секое свое чедо за со него да го победи непријателот. Ми се допаѓа она што го рекол Пол Билхајмер: „Сатаната е алергичен на славењето и славопоите, и така, таму каде што има победоносна пофхвала, сатаната е парализиран, врзан и прогонет." Ако во вашата заедница со Бога ја снемало силната желба да му служите, вратете го тој жар, користејќи ја силата на пофхвалата и прославувањето. Бог престојува таму каде што се слави неговото име. Ако во последно време ви се чини дека Тој е далеку, ве советувам да земете пауза за да се дружите со него, да го прославите со песна и да му упатувате благодарни пофалби.

Дали ви е потребна помош за да почнете? Обидете се да го славите неговото Име, неговата правда, неговото постојано создавање и неговата Реч. По читањето на овие

зборови, издвојте пет минути и напишете десет начини на кои Бог ве благословил. Изнесете го својот список пред Господа, и подгответе се да ја искусите оваа блиска средба.

**Сеќавајте се на крстот**

Можеби се чини шокантно, но сепак е вистинито: жртвата што Исус ја поднел на Голгота, кај многумина од нас како да не буди емоции. Некои на крстот гледаат рамнодушно, нешто слично како можеби кон чинија полна со житни снегулки. Христијаните го слушаат настанот за Христовата смрт толку често, што понекогаш се подготвени тоа подрачје да го занемарат и да тежнеат кон доктринарни или пророчки вистини кои ќе бидат поголем предизвик за нивниот ум.

Но токму кај крстот го засакуваме Бога чија љубов била толку голема кон нас што умрел за да можеме ние да живееме. Значи, за да ја вратиме страста, оживејте ги во молитвите сликите од Исусовата последна седмица читајќи и размислувајќи за текстовите од Евангелието според Матеј 21-28; Евангелието според Марко 11-16; Евангелието според Лука 19-23; и Евангелието поред Јован 12-21. Додека ги читате, прашајте се КОЈ, ШТО, КОГА, КАДЕ И ЗОШТО. Напишете ги своите одговори во бележникот и посматрајте како Светиот Дух повторно во вашата куќа го донесува чудесниот блесок од Голгота и Божјата зачудувачка милост.

**Одново барајте ја својата смисла**

Ова е важна вистина: Ако не знаете која е смислата на некоја работа, вие тоа можете само да го злоупотребите. Ако не знаете зошто сте христијанин, вашата врска со Исуса ќе страда од злоупотребата наречена запоставување.

Да се биде христијанин, значи многу повеќе од редовно

одење в црква, пеење духовни песни, приложување дарови и повремено правење некое добро дело. Ние сме овде за да бидеме Христови амбасадори и сведоци, проповедајќи ја радосната вест дека ни е простено и дека Исус наскоро доаѓа. Молете се на Бога да ви помогне да ја разгори желбата да сведочите за него. Не треба да го продавате својот имот и да го подарувате за мисионски цели. Едноставно понудете се да се молите со некого и за некого, на пример, на својот поштар, на соседот или на продавачот речете му „Бог да ве благослови", или напишете охрабрително писмо некому кој е изгубен во истата духовна пустина во која и вие некогаш сте талкале.

*Сабота, 8 јуни 2024*

## КАКО ДА ЈА ПРЕПОЗНАЕТЕ БОЖЈАТА ВОЛЈА ЗА ВАШИОТ ЖИВОТ

Пред неколку дена бев во една продавница во соседството, и се обидував да ја убијам досадата додека мојата најстара ќерка купуваше роденденски подарок за својата пријателка. Мојата најмала ќерка ме влечеше кон одделот со играчки за да ги види барбиките. Смртно се вознемирив кога ја видов барбиката во Бакингамската палата со моите пријатели.

Токму кога возбудувањето беше дојдено до таму што ќе се онесвестев - на една полица, помешана со разни кукли, стоеше и сферната топка која не ја бев видел со години. Беше потполно црна, освен еден мал бел круг што го обликуваше бројот 8. Волшебната топка беше наполнета со некоја течност и преку малиот отвор на нејзиното дно, кога и да се затресеше топката, се појавуваа одредени пораки.

Се сеќавате ли како сте се забавувале како деца „поставувајќи ѝ прашања“ на волшебната топка, тресејќи ја и чекајќи го „одговорот“. Во зависност од вашата верзија на топката, веројатно сте добивале одговори, како на пример: Да, секако; моите извори велат: Не; многу сомнително; најверојатно или навистина магливо. Сетете се како сте се чувствувале кога на топката ќе ѝ го поставевте прашањето дали некоја личност навистина ве сака, а како одговор ќе добиевте: несомнено.

Се разбира тоа беше само игра, и секој знаеше дека тоа не треба да се зема за сериозно. Но волшебната топка повторно ме потсети дека многу пати сум посакувал нешто такво, но навистина ретко кога му поставувам на Бога прашања за мојот живот.

Препознавањето на Божјата волја, за многумина е безуспешно и збунувачко искуство. Можам да се сетам како многу пати додека одев под ѕвезденото небо во ведрите летни ноќи, ја отворав својата душа пред Бога и со сето срце сакав да ми го напише неговиот одговор со огнени букви.

И вие можеби сте поминале такво нешто, зар не? Па, верувале или не, барањето на Божјата волја не треба да бидат прашања од типот на Индијана Џонс. Всушност, Павле ни кажува дека можеме да ги знаеме Божјите мисли преку дејствувањето на Светиот Дух: „Така никој не знае што има во Бога, освен Божјиот Дух. А ние не го примивме духот на светов, туку Духот, Кој доаѓа од Бога, за да знаеме што Бог милостиво ни дарува. Па и тоа не го зборуваме со зборови научени од човечката мудрост, туку со зборови научени од Духот Свети, споредувајќи ги духовните работи со духовното. А душевниот човек не го прима она што е од Божјиот Дух, зашто тоа е безумство за него, и не може да сознае, зашто за тоа треба да расудува на духовен начин. Духовниот човек пак

испитува сè...зашто: „Кој го познава Господовиот ум, за да го поучи?" А ние го имаме Христовиот ум..“

Цели книги се посветени на предметот познавање на Божјата волја. Тоа е многу лично патување за секој христијанин.

*Сабота, 15 јуни 2024*

## МОЛЕТЕ СЕ НА БОГА ЗА НЕГОВО ВОДСТВО

Почнете од самиот почеток. Молете се на Бога да го води вашиот избор. Едно од моите омилени ветувања, кога станува збор за Божјото водство, се наоѓа во Мудри изреки 3,5-7: „Надевај се на Господ од сè срце и не се потпирај врз твојот разум. По сите свои патишта размислувај за Него, и Тој ќе ти ги покаже твоите патеки.“ Без разлика дали е во прашање нешто големо или мало, на сите свои патеки имај го на ум, или советувај се со Него.

„Но јас се молам,“ ве слушам како зборувате, а сè што добивам е тишина. Како што минува времето, можеби сум повеќе збунет и напнат, бидејќи не добивам никаков знак што треба да правам.“ Во ред е, ве слушам. Но немојте да направите превид во првите зборови на ова ветување. „Верувај во Господа“! Исус ни кажува дека Отецот знае што ни е потребно. Тој ветил дека ако најпрво дојдеме кај Него и бараме совет, и ако му го препуштиме првенството на неговиот совет за одреден предмет, Тој ќе нè води во вистинската насока. Првиот чекор е - молитвата.

**Поминувајте време во проучување на Божјата реч**

Божјата волја и неговата реч одат заедно. Кога сатаната го ставил Исуса пред искушението да се потпре само на

својата сопствена сила за да ја задоволи својата потреба за храна, Исус му одговорил: „Човек не живее само од леб, туку и од секој збор што излегува од устата на Бога.“ Божјата волја е откриена во Неговата реч.

Неодамна примив писмо од една жена која сакаше да знае дали треба да продолжи да живее со човекот кој не е наклонет да се ожени со неа. Жената е христијанка. Нејзиното момче не е. Таа спомна и дека нивната љубов не е платонска. Мојот одговор беше оној кој таа не сакаше да го чуе, но Божјиот поглед на интимност надвор од бракот и на некои врски меѓу луѓе чија духовност не е еднаква, е јасен.

Кога ѝ одговорив на нејзиното писмо и внимателно ѝ го изнесов советот на Божјата реч, таа призна дека цело време знаела што треба да стори и дека токму сега презема чекори за да ја заврши таа врска. Понекогаш во своето срце знаеме што треба да сториме во одредена ситуација, но се надеваме дека ќе најдеме некоја дупка во законот која ќе ни дозволи да го сториме она што сакаме да го сториме. Познавањето на Божјата реч ќе ни заштеди многу време додека настојуваме да ја дознаеме неговата волја.

*Сабота, 22 јуни 2024*

## ОДГОВОРЕТЕ НА „ДЕСЕТ ПРАШАЊА“

„НИШТО не е потешко, но и подрагоцено, од тоа да можеш да донесуваш одлуки“, рекол Наполеон Бонапарта, император на Франција од 19 век. Луѓето во животот се свесни дека понекогаш воопшто не е лесно да се донесуваат одлуки. Без оглед дали е лесно или тешко, сепак донесувањето одлуки е неизбежно. Секој ден се соочуваме со

таа задача. Кога ќе станеме наутро донесуваме мали одлуки, од тоа што да облечеме, што да појадуваме и како да се справиме со предизвиците во текот на денот. Повеќето од овие одлуки имаат мало значење и ретко помислуваме на тоа дали тие одлуки биле мудри или не.

Меѓутоа, свесни сме дека некои одлуки се далекосежни. Многу млади луѓе во денешниов свет мораат да одлучат какви цели поставуваат пред себе. Можеби мораат да одлучат какво образование им е потребно, порано или подоцна размислуваат дали да стапат во брак или не. Тогаш си го поставуваат прашањето: Дали сум доволно возрасен и зрел за брак? Каков партнер сакам, или што е уште поважно, каков партнер ми треба? Мал број на одлуки влијаат на нас како изборот на брачен другар.

Многу е важно да донесуваме мудри одлуки, зашто нашата среќа во голема мера зависи од тоа.

Пред неколку години еден пријател ми го испрати следниот список. Не знам кој е авторот, така што не знам дали нему или на неа да ги припишам заслугите. Но, одговарањето на следните десет прашања ќе го изостри вашиот духовен слух додека го слушате Божјиот глас кога донесувате некоја одлука.

1. Која е мојата животна агенда, мојата конечна цел? Дали имам цел да ја сознаам и да ја почитувам Божјата волја?

2. Која од алтернативите што ги имам пред мене, ќе се совпадне со таа животна агенда?

3. Можам ли јас тоа да го остварам и да ги одржам своите приоритети? Дали таа се спротивставува на некои од моите основни вредности?

4. Дали тоа ќе го прошири Божјото царство во мојот сопствен живот и односите во општеството воопшто?

5. Ако го направам тој избор, дали тоа ќе го прослави мојот Господ и ќе ми помогне да напредувам како личност?

6. Дали тој избор ќе ме доведе до подлабока поврзаност со Господа?

7. Дали тоа ќе им овозможи конечно добро на сите заинтересирани? (зборот конечно значи и покрај тоа што изборот може на почетокот да предизвика болка или тешкотии, на крајот сепак ќе биде корисен за сите кои се вклучени во него.)

8. Дали тој избор ќе ја зголеми или ќе ја намали мојата самодоверба? Дали ќе бидам во состојба да се свртам и да гледам на него и сѐ уште да се сакам и да се почитувам себеси?

9. Дали тоа ќе предизвика напнатост, нервоза, или немир во мојата душа?

10. Дали можам да сметам на Господа во остварувањето на моите одлуки?

Да, ние можеме да сметаме на Господа: „Надевај се на Господ од сѐ срце и не се потпирај врз твојот разум. По сите свои патишта размислувај за Него, и Тој ќе ти ги покаже твоите патеки“ (Мудри изреки 3,5-7).

*Сабота, 29 јуни 2024*

## ПРИФАТЕТЕ ГО СОВЕТОТ

Некои луѓе можеби сметаат дека се доволно способни сами да донесуваат одлуки и можеби, кога ќе им биде понудена помош, тие ја отфрлаат. Дали е тоа мудро?

Во Мудрите изреки Соломонови 11,14 се вели: **„Кај што нема водство (совет), народот пропаѓа, а при многу советници живее во благосостојба“.**

Да поедноставиме, прифатете го советот. По молитвата и советувањето од Божјата реч, слушањето е процес кој

подразбира непристрасен придонес од оние кои ги почитувате и верувате дека чекорат со Бога.

**Дејствувајте со вера**

Сторете нешто! Немојте вечно да се двоумите. Направете нешто, верувајќи дека Бог ќе ги управува вашите чекори. Видов еден билборд, на кој пишуваше: „Полесно се води нешто што веќе е во движење."

**Дали Бог ве сака?** Да. Дали сте се молеле и сте се советувале со него кога сте ги донесувале своите одлуки? Да. Дали за совет ја прашавте неговата Реч, пријателите, и дали чесно и јасно ги одмеривте можностите? Тогаш преземете акција и имајте доверба дека Бог ве насочува. Ако, и покрај сѐ, донесете лоша одлука, зар Бог не може да ве прилагоди во дадената ситуација, да ве насочи и да ве доведе назад таму каде што Тој сака да бидете? Се разбира! Тој може да го направи тоа. Тој ветил, и вие можете да го молите тоа и да го стори!

Исто така, сфатете дека Бог понекогаш нуди повеќе од една добра опција. Вие можеби секогаш не бирате меѓу „доброто" и „погрешното". Бог можеби ви подарува неколку добри прилики. Следете го горниот совет, употребете го здравиот разум што Тој ви го подарил, и одберете знаејќи дека Божјиот благослов не е ограничен на само еден пат. Ако понизно чекорите со него, Тој може да ве благослови во секој избор што ќе го донесете.

Не плашете се ако промашите нешто. Плашете се единствено ако живиот Бог го ставите надвор од вашите планови. Тоа е единственото време кога навистина се наоѓаме во темнина. И покрај сѐ, чекорете со Бога, тој нема да ве напушти.

„Сатаната е готов да го сврти вашиот поглед од Божјите блажени ветувања. Тој сака да ѝ ја одземе на душата се-

која искра на надеж и секој зрак на светлина, но вие не смеете да му дозволите да го прави тоа. Не го слушајте искушувачот туку кажете: ,Исус умрел јас да можам да живеам. Тој ме љуби и не сака да пропаднам. Имам небесен Татко кој сочувствува со мене; и, иако сум ја злоупотребил неговата љубов, иако сум ги растурил благословите со кои ме опсипал, ќе станам и ќе појдам кај Татко ми, па ќе му речам: 'Татко, му згрешив на Небото и тебе; не сум веќе достоен да се нарекувам твој син. Прими ме како еден од твоите момоци.' Споредбата ни кажува на кој начин заскитаниот ќе биде примен: ,И кога беше уште далеку, татко му го здогледа и му се сожали, па се стрча кон него, му се фрли на вратот и го целиваше" (Лука 15,18-20).

Меѓутоа, дури и оваа споредба, иако е толку нежна и трогателна, не успева да го изрази огромното сочувство на небесниот Отец. Господ објавува преку својот пророк: „Те љубам со вечна љубов и затоа постојано ти укажувам милост" (Еремија 31,3). Додека грешникот е уште далеку од домот на Отецот и го растура својот имот во туѓа земја, срцето на Отецот копнее за него; и секој разбуден копнеж на душата да се врати кај Бога не е ништо друго туку нежен повик на Божјиот Дух кој го преколнува, сесрдно го моли, го наговара заскитаниот да му се врати на срцето на Отецот полно со љубов.

Знаејќи за овие драгоцени библиски ветувања, можете ли уште да се сомневате? Зар можете да верувате дека Господ немилосрдно би го одбил бедниот грешник кој копнее да му се врати, кој копнее да ги отфрли гревовите и покајнички да падне пред неговите нозе? Отфрлете ги таквите мисли! Ништо не може да ѝ наштети на вашата душа во толкава мера како негувањето на такви сфаќања за вашиот небесен Отец. Тој го мрази гревот, но го сака грешникот, и се дал себеси во личноста на Христа со цел, сите кои

сакаат, да можат да бидат спасени и да уживаат вечно блаженство во царството на славата.

Подигнете го погледот, вие кои се сомневате и кои се тресете, зашто Исус живее за да посредува за нас. Заблагодарете му на Бога што го подарил својот мил Син и молете се неговата смрт да не биде за вас залудна. Духот ве повикува денеска. Дојдете со цело свое срце кај Исуса и барајте негов благослов“ (Патот кон Христа, стр. 23).

**Градиво за саботна школа**
За подобра саботна школа
2/2024

Излегува тримесечно:

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Превод и техничка обработка:
Мелита Томовска

Одговара: Томе Трајков

За интерна употреба